## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Четвртото продолжение на Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 декември 2007 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 16,19 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата наскоро продолжуваме со седницата.

Дами и господа пратеници, продолжуваме по 78-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Влатко Серафимов, Тале Герамитчиоски, Лазар Китановски, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Абдуладi Вејсели, Љубчо Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Согласно договорот со координаторите на пратеничките групи, ќе расправаме единствено по точката 16 од дневниот ред на оваа седница.

**Минуваме на точка 16 - Предлог за избор на член на Судскиот совет на Република Македонија**

Предлагач на оваа точка е Претседателот на Република Македонија.

Предлогот за избор ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Насер Хаџи Ахметагиќ да биде избран за член на Судскиот совет на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓа Благородна Дулиќ повелете имате збор.

**Благородна Дулиќ:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги,

Изразувам задоволство што е постигната согласност да се изгласа 15-тиот член на Републички судски совет, меѓутоа ве известувам дека гласањето ќе го извршите без мене односно ќе гласам против од следните причини.

Сметам дека предлогот на Претседателот на Република Македонија, колегата да биде избран за член на Републички судски совет е во спротивност со Уставот. Поточно, со амандман 28, овој амандман е изгласан од ова Собрание во 2005 година, со тоа што по истиот во детали е пропишано на кој начин, од кои членови и на каков начин ќе бидат застапени заедниците во Република Македонија, кои што не се мнозинство. Значи, спротивно на тоа што Уставот треба да регулира, овој амандман е дециден, детален и од него не може да се отстапи, освен ако не се прекрши Уставот. Во овој амандман е пропишано дека Републички судски совет брои 15 члена, од кои 8 од редовите на судиите, кои сами меѓусебе ги бираат, пет од мнозинството и тројца од заедниците кои што не се мнозинство. На таков начин доаѓаме до бројката 8. Министерот за правда и претседателот на Врховниот суд по сила на својата функција се членови на овој Републички судски совет. Тројца односно пет души останатите ги бира Собранието на Република Македонија и таму е пропишано дека тие се бираат од редовите на универзитетски професор по право, адвокати и други истакнати правници. Од тие пет, тројца предлага Комисијата во Собранието и двајца Претседателот на Република Македонија.

По однос на Претседателот на Република Македонија изричиот е пропишано дека предлага двајца, од кои едниот е од заедниците кои што не се мнозинство во Република Македонија. Според тоа, со овој предлог на Претседателот на Република Македонија прекршени се став 1 алинеа 6 и 7 од амандманот 28 на Уставот на Република Македонија.

Колеги, да ве известам дека колегата кој денес ќе го гласате, немам ништо против него лично, се пријавил на листата на избор на Републички судски совет на листата од заедниците кои што не се мнозинство во Република Македонија и од своите колеги не бил изгласан. Значи, сега тој како судија влегува во квотата на петте души кои треба да се изберат од истакнати правници кои што не се судии. Ваква одредба во Уставот е пропишана од причини што се сакало да се попречи дека Судскиот совет треба да биде сочинет единствено од судии заради тоа тие да не паднат во некоја друга крајност при избор и разрешување на свои колеги односно како некој вид на коректив. На ваков начин со Предлогот на Претседателот на Република Македонија овој пропис е прекршен. Исто така, е прекршен и прописот кој што пропишува дека Претседателот на Република Македонија предлага двајца од кој едниот е од редот на заедниците кои не претставуваат мнозинство во Република Македонија, а ние веќе како предлог на Потпретседателот на Република Македонија имаме избрано еден од таа групација, така што на ваков начин доаѓа дека и двајцата кандидати на Претседателот на Република Македонија припаѓаат на заедниците кои што не се мнозинство во Република Македонија. Досега во Републички судски совет се избрани пет члена кои што припаѓаат на единиците кои не се мнозинство во Република Македонија, а со изборот на овој колега тие ќе бидат 6.

Се поставува прашање дали има позадина на ваквиот предлог, заради тоа што несомнено дека сите ние сме луѓе, сите тие се правници, формално евентуално исполнуваат услови до која солуција може да се дојде при работењето на Републички судски совет. За избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија се применува двојното мнозинство. При вака нарушениот баланс во составот на Републички судски совет доаѓаме во ситуација да имаме 6

члена кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија и според тоа за да се донесе одлука во таа групација потребно е да се постигне 4:2, што мислам дека може да биде многу тешко и може да дојде до блокирање на изборнот процес со пата-пата односно 3:3. На ваков начин мислам дека се прави упат и обид да се дестабилизира Републички судски совет при носењето на своите значајни одлуки при одлучувањето на избор и разрешување на судиите од највисокиот суд во Републиката. Меѓутоа не навлегувам во задните намери, но во секој случај сметам дека и сигурна сум во тоа дека со овој предлог грубо е прекршен Уставот на Република Македонија, поточно амандманот 28. Од тие причини ќе гласам против.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Игор Ивановски има реплика, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Пратеничката Благородна Дулиќ е како поранешен судија во пензија сегашен, е најдобриот пример зошто во Република Македонија е добро што почна реформата во судството и зошто таа треба да продолжи уште поинтезивно. Жалосно и трагично е што од поранешен судија на Врховен суд, од поранешена претседател на ДИК, од сегашен, што е најмногу трагично, претседател на Законодавно-правна комисија, можеме да слушнеме вакво толкување на Уставот на Република Македонија, кое што не може да си го дозволи ни студент во прва година на Правен факултет. Но, тоа нека и служи нејзе на чест, бидејќи од таков судија ќе имате фалсификат на претседателски избори, господинот Петковски тоа најдобро го знае, од таков претседател на Законодавно-правна комисија во моментов имаме ситуација законите кои што таа ги одобрува на Комисијата, за жал, владеачкото мнозинство ги изгласува, паѓаат на Уставниот суд. И тоа се факти. Токму затоа господине претседателе дозволете да изразам блага разочараност од информациите и ставовите на претседателката на Законодавно-правна комисија која доаѓа од ВМРО-ДПМНЕ, да изразам голема разочараност, зошто изборот или докомплетирањето на Судскиот совет не го направивте многу порано, да изразат жалење зошто се уште во ВМРО-ДПМНЕ има пратеници или пратенички кои што се изјаснуваат против заедниците во Република Македонија. Ако првиот пат беа Турците, сега се Бошњаците и се надевам дека во иднина ваквите стереотипи на ВМРО-ДПМНЕ ќе останат само една реликвија или наследство од минатото кое што ќе остане тоа што е наследство, бидејќи ако госпоѓата е Благородна Дулиќ е реперот на толкување на Уставот и законите во ВМРО-ДПМНЕ, тогаш тие имаат сериозен проблем. Затоа, господине претседателе, дозволете уште еднаш да потенцираме дека Уставот на Република Македонија беше запазен и при првиот предлог од страна на Претседателот на Република Македонија и при овој предлог од страна на Претседателот на Република Македонија и тоа може да го прочита, да го сфатат и да го прочитаат сите здраво-разумски луѓе во оваа држава, освен оние кои се одлучуваат водени од различни мотиви да фалсификуваат претседателски избори како Благородна Дулиќ, да бидат лоши судии како Благородна Дулиќ или сега да ја користат собраниската говорница за прв пат во овие 15 месеци за наводно толкување на Уставот на Република Македонија. Тоа се разликува, читањето на Уставот вистинско, многу подобро, отколку обично плетење. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има госпоѓа Благородна Дулиќ.

Повелете, вашата минута.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам претседателе.

За да се толкува Устав или закон не е доболна да се знае само да се чита, поготово да се биде добар правник. Според тоа, што не чув ниеден аргумент контра овие што ги истакнав, нема потреба да одговарам воопшто на нешто друго.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Блерим Беџети.

Повелете имате збор.

**Блерим Беџети:** Ви благодарам господине Георгиевски.

Јас најнапред немав намера да дебатирам во однос на оваа точка на дневниот ред, иако не се определив за реплика признавам дека ме провоцира да земам збор колешката Благородна Дулиќ.

Јас нема да се впуштам да говорам за кандидатурата за конкретниот предлог на господинот Насер Хаџи Ахметагиќ, но ќе говорам во начело за тоа за кое место е предложен и за што конкурира. Значи се говори за комплетирање на Судскиот совет на Република Македонија. Доколку еден пратеник од парламентарното мнозинство искажува сомнеж и резерви за тоа зошто се предлага овој кандидат или зошто се определил за овој кандидат кој припаѓа на овој или друг етникум, јавно го признавам тоа дека има една народна изрека која вели: ми угоди сето тоа, кога со полна уста ВМРО-ДПМНЕ чиј претставник е и таа во Гласот на народот, и на знам каде на други места, излегуваа и велеа дека Албанците биле против Бошњаците, Турците и другите за предлозите во изборниот законик. Ќе го земам правото да кажам дека ова го потврдува ВМРО-ДПМНЕ дека во зависност од состојбата како им одговара и така се произнесуваат ако им одговара. Во една прилика да помине така со нешто дека е некој против Бошњаците, некој е против Турците итн. Најдобрите деманти се кога доаѓаат од самите нив, како што се случува во оваа прилика.

Ве молам, тоа треба да го имаме предвид до колку има резерви, јас искажувам резерва како пратеник и имам право да ги искажам моите резерви зошто во ова време сега, ВМРО-ДПМНЕ ретерира, за да прифати еден кандидат, но и

една албанска пратеничка партија не беше заинтересирана Судскиот совет да се комплетира и да носи мериторни одлуки во согласност со Уставот, што треба да ја вршат својата улога.

Дали јас имам право да констатирам, со моите резерви, со сомнежи дека ова е направено Судскиот совет да функционира некомплетно, значи и во тој значен сегмент за правото и законот за да владее законот и правото да има рака и тоа јака рака, партизацијата и во судскиот систем. Да даде Господ да не биде така, но нека повелат и нека ме демантираат дека ова не е вашата цел. Дури, се отиде толку далеку што членовите на Судскиот совет на Република Македонија да имаат право да се стават над законот и да го продолжат мандатот на претседателот на Судскиот совет на Република Македонија, кој според годините ги исполнува условите да се пензионира. Тогаш, се поставува следново прашање, дали ова Собрание, со самиот факт кога велам ова Собрание, ја подразбира примарната одговорност на парламентарното мнозинство, иако јас ги знам процедурите како се избираат и колку од редот на судиите и тн., зошто не го помогнат Судскиот совет на Република Македонија и овде се разговараше за потребно време, Судскиот совет на Република Македонија да биде комплетиран на време и да се реши и да ги избере новите судови, Апелациониот суд и Управниот суд, па изборот на судиите во овие судови да се направи на комплетиран начин.

Секогаш, не заборавајќи, но имајќи го предвид фактот дека, колку е за нас значајно да имаме еден здрав правосуден систем, каде сите документи што доаѓаат од Брисел бараат реформи во судската власт. А, за да имаме реформи во судската власт, од големо значење е како функционира Судскиот совет во Република Македонија.

Овде не треба човек да ја познава математиката па да констатира како функционира. Најнапред, тројцата кандидати што требаше да ги избере Собранието не се избраа цела година. Можеби требаше време за дополнителни координации. После едниот кандидат, кој, според Уставот е предвидено да го предлага претседателот, едниот се избира а другиот не се избира, морало да биде Македонец, а не може да биде немакедонец, а во Уставот не пишува дека теба да биде еден од двајцата кандидати, неопходно да биде Македонец. Ова го докажува фактот дека оние кои денеска ја бранеа тезата дека треба да биде Македонец и тие да го изгласаат овој член.

За чудо, не знам како изнаоѓаат аргументи, во едно време кога тоа им одговара, велат едно а за истото прашање, откако поминува едно долго време, за истото можат да се произнесат поинаку. Ова личи како во Македонија да имаме два устава или во зависност од тоа во кој месец се наоѓаме, така се коментира Уставот. Како во хороскопските знаци, со денот на раѓањето, кој каде се наоѓа.

Да привршам, на крајот, сите овие се сомнежи и на пратениците и на јавноста, но и на луѓето кои ја следат и познаваат оваа област дека имало лошо менаџирање, извонредно лошо управување во врска со едно круцијално, големо прашање за Република Македонија. Една крајна политизација виза ви Судскиот совет на Република Македонија. Сето ова, за да бие кремот многу убав и сладок, му се даде право на член на Судскиот совет да се стави над законот. Иако, многу пати сум слушал од функционери дека не ги коментираат судските одлуки или нивните постапки, но во пракса ова не демантира сите нас, дека некогаш знаат да ги коментираат и судските пресуди. Тоа значи дека се има селективен пристап.

Евидентно е и тоа дека имаше една игра, но и покрај тоа ќе завршам со народната изрека подобро доцна отколку никогаш. За да придонесеме сите да имаме комплетирани институции, во служба на земјата и граѓаните. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господин Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Почитуван претседателе, почитувани колеги,

И по оваа точка сакам да го изнесам нашиот став.

Ние, овде се соочуваме уште еднаш со точка по која на лидерската средба е постигната согласност. Ние овде не бевме во состојба да го решиме ова прашање и да го комплетираме Судскиот совет. Тоа е голема забелешка што ни е упатена.

Зошто не сме можеле да го комплетираме Судскиот совет? Заради тоа што недоволно ги уважуваме меѓусебните разлики и не сме подготвени на компромиси. Очигледно, четворицата лидери нашле сили и нашле компромис.

Ние, овде во Собранието имаме два избори. Или по секоја од точките ќе си ги повторуваме нашите претходни ставови и ќе гледаме да добиеме некој поен, не знам каков и што или ќе одиме по овој објективен процес на усогласување на состојбите во Македонија и забрзување на разрешување на сите спорни проблеми и исполнување на условите што треба да ги исполниме најдоцна до јануари..

Затоа, јас никако не би го проблематизирал ниту името, ниту националноста на госодинот Насер Хаџи-Ахметагиќ и треба да изразиме комплетна доверба. Тој човек ќе биде еднаков со сите таму кои ќе работат во Судскиот совет. Тоа е многу важна институција. Не треба околу него и околу тие институции да создаваме однапред недоверби и конфликти и треба да го поддржиме и да го изгласаме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Рафис Алити има збор, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам. Ние, како парламентарна група високо го цениме професионализмот и претходното работно

искуство на кандидатот за местото член на Судскиот совет. Сите наши иформации, освен неговата биогравија, говорат дека навистина се работи за еден човек кој покажува висок професионализам вотекот на неговата работа во Судот и ние, како парламентарна група ќе го поддржиме ваквиот предлог. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Јас кратко ќе дискутирам.

Нашиот став е изнесен дека ќе гласаме за предлогот што е тука поднесен. Меѓутоа сакам да негирам ставови изнесени од еден пратеник во оваа дебата и тоа пратеник кој има судско искуство во својата политичка кариера, кој рече дека е ова обид да се блокира Судскиот совет, заради тоа што бројот на припадниците на немнозинските заедници, сега има пет, со овој предлог ќе имаат шест и во услови на гласање, така се изрази пратеникот "пата-пата" се блокира Судскиот совет.

Сакам да кажам дека е тоа прво зачудувачки и од кого дојде како расудување во Парламентот.

Второ, тоа не е точно. Бадентеровиот принцип значи мнозинство од припадниците на немнозинските заедници. Во услови на 3:3 нема мнозинство и тоа не е блокада. Да не фрламе прашина во очи на јавноста дека со ова се блокира. Мнозинство од 6 е 4. И, не може да дојде до блокада. Ако дојде до 3:3 не е блокада. Предлозите не поминуваат. Или, ако дојде до 4:2.

Така што, ова се инсинуации на товар на предлагачот, со цел да се соопшти дека се блокираат институциите, а всушност да се изведат погрешни политички заклучоци. Тоа, апсолутно не е точно.

Тоа, госпоѓо пратеник истото важи и за Парламентот. Зарем во Парламентот, ако има припадници на заедниците парен број Парламентот е блокиран да ги носи законите според членот 36 или таканаречениот Бадинтеров принцип? Апсолутно не сте во право, тоа сакам да го соопштам јавно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Ружди Матоши има реплика, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседателе, ќе бидам краток.

Со ова, многу добро господинот Никола Поповски кажа што мисли претседателот, неговиот претседател кој е избран по мафијашки пат, господинот Бранко Црвенковски. Тој укажа како тој го научил да вели што може и како може да се блокира и како може да се деблокира. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господин Никола Поповски, претпоставувам контра реплика, повелете.

**Никола Поповски:** Ако дозволите.

Прво, мене ми е жал што координатор на владеачка партија користи говор на омраза во Парламентот.

Исто така ми е жал што координатор на владеачка партија во Парламентот не само што недоволно, туку мислам дека и воопшто не го познава уставниот поредок на државата и паушални дискусии врз основа на тоа изнесува. Меѓутоа, тоа повеќе говори за него. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Насер Хаџи-Ахметагиќ да биде избран за член на Судскиот совет на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, за гласале 74 пратеници, воздржано нема, против 1.

Констатирам дека Насер ... е избран за член на Судскиот совет на Република Македонија.

Објавувам пет минути прекин за пререгистрација, а ќе продолжиме со 69-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 16,53 часот)